# FIRST BATTLE LINE ON SALONICA FRONT 1916-1918

**Oliver Cackov**
University ,,Goce Delcev,, – Stip, Republic of N.Macedonia, oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Abstract:** During the First World War Macedonia in its ethnic borders was a space of bloody fights of the Great Powers and their struggle for world domination and colonial empires.
The front line on the territory of Macedonia, known as the Front of Macedonia, whose length was several hundred kilometers long, stretched predominantly through the mountainous areas at an altitude of over 2,000 meters where the armed conflicts, between the forces of the Entente and the Central Powers took place.
The immediate cause of the formation of the Macedonian Front was the failure of the Dardanelles Operation, when troops from Galipola were transferred to Thessaloniki. The Macedonian front was the only allied front where the only command had been operating throughout its existence. At the beginning, the main command was held by the General Moris Saraj.
The paper deals with the tragedy of the cities and the population, and the mountain heights that were located on the first frontline of the Macedonian Front, with huge destruction and devastation from everyday artillery and air strikes. Bitola as an important communication point was constantly exposed to bombardment, and many of the surrounding villages disappeared forever.
Only a few kilometers southeast of Bitola is the top Kajmakcalan, where there were also fierce fighting with many casualties and terrible devastation. The Battle of Kajmakcalan as part of the military operations of the Macedonian Front is one of the great battles of the First World War. In the history, the Battle of Kajmakchalan has been observed according to the great number of dead and wounded and the altitude where it took place.
The breathtaking legendary city of Dojran and its surroundings, located in the center of the demarcation (front line), was completely destroyed. The residents of Dojran, on the orders of the Central Forces who were stationed there, left their homes and left in other Macedonian cities, but also in Serbia and Bulgaria, before the very beginning of the "Dojran Front".
**Keywords:** bittle,war,cities, victims,first line..

# ПРВАТА БОРБЕНА ЛИНИЈА НА СОЛУНСКИОТ ФРОНТ 1916-1918

**Олвер Цацков**
Универзитет ,,Гоце Делчев,, – Штип, Република С. Македонија, oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Резиме:** Македонија во своите етнички граници, во време на Првата светска војна била простор на крвави пресметки на Големите сили и нивната борба за светска доминација и колонијални царства.
Фронталната линија на територијата на Македонија, позната како Македонски фронт, чија должина била неколку стотини километри, се протегала претежно низ планинските предели на надморска височина од над 2.000 м. иа која се воделе вооружените судири, помеѓу силите на Антантата и Централните сили,
Како непосредна причина за формирање на Македонскиот фронт бил неуспехот на Дарданелската операција, кога трупите од Галиполе биле префрлени во Солун. Македонскиот фронт бил единствениот сојузнички фронт каде за цело време од неговото постоење делувала единствена команда. На почетокот главната команда ја имал генералот Морис Сарај.
Во трудот се обработува трагедијата на градовите и населението, и планинските висови кои се наоѓале на првата борбена линија на Македонскиот фронт со огромни разурнувањата и опустошувањата од секојдневните артилериски и авионски напади.
Битола како важен комуникациски пункт, постојано била изложена на бомбардирање, а многу од околните села исчезнале засекогаш.
На само неколку километри југоисточно од Битола се наоѓа врвот Кајмакчалан каде исто така се воделе жестоки борби со многу жртви и страотни разорувања. Битката на Кајмакчалан како дел од воените операции на Македонскиот фронт, спаѓа во редот на големите битки во Првата светска војна. Кајмакчаланската битка во историјата останала забележана по големиот број на загинати и ранети и по надморската височина на која се водела.

Крајезерскиот легендарен град Дојран и неговата околина, наоѓајки се во центарот на демаркационата (фронтовата линија), бил целосно разурнат. Жителите на Дојран, по сила на состојбите, пред самиот почеток на „Дојранскиот фронт", по наредба на Централните сили, кои биле стационирани во него, ги напуштиле своите домови и заминале во другите македонски градови но и во Србија и Бугарија.

**Клучни зборови:** битка,војна, градови,жртви,прва борбена линија

## 1. ВОВЕД

Поминаа 100 години од крајот на Големата војна која во тоа време била една од најголемите војни во историјата на човештвото. Само во Европа биле мобилизирани 60 милиони луѓе, загинале 15 милиони, а 20 милиони биле ранети.

Првата Светска војна како глобален вооружен судир започнала 1914 година и траела до 1918 година. Се водела на повеќе фронтови, на повеќе континенти. Еден од нив, Јужниот фронт, бил формиран по неуспехот на Галиполската операција, и поради тоа што должината на фронтот се протегала низ територијата на Македонија бил наречен Македонски фронт.

Оваа војна која се сметала за еден од најголемите воени судири воопшто во историјата, предизвикала далекусежни политички, општествени и цивилизациски промени во историјата на Балканот и другите европски народи. Ниту една војна пред тоа така драматично не ја променила картата на Европа.

Во тие воени години македонските градови и села биле изложени на постојано бомбардирање и од Антанатата и од Централните Сили во зависност од тоа која војска се наоѓала во нив.

Сите воени настани биле набљудувани од будните очи на очевидците што е голема причина да веруваме во нивната веродостојност. Сите сеќавања се проткаени со силна доза на протест кон војната која пред нивните очи ги уништувала исконските предели. Во нив е содржана јасна порака против војната во која настрадало недолжното македонско население со разурнати градови и села. Во овие крвави и одмазнички борби изгинале многу млади луѓе кои останале да почиваат во своите вечни домови сместени на гробиштата кај Битола. И француските и српските и германските останале неми сведоци на крвавите настани. Во нив останале скриени многу лични стории, копнежи и страдања на боиштата на Македонскиот фронт. Сеќавањата се драгоцени извори за состојбите на боиштата и страдањето на градовите кои се нашле на првата борбена линија на Фронтот.

Меѓу оние кои тоа и писмено ни го соопштуваат е авторот на делото на „ На фронтот во Македонија", Е.П.Стебинг кој дошол во Македонија како доброволец во својство на офицер за транспорт и поставување на Болницата на шкотските жени во подножјето на Кајмакчалан. Медицински екипи за помош имало не само од Шкотска туку и од Велс, Англија дури од Австралија и Нов Зеланд. Помош испратил и Британскиот црвен крст и Фондот за помош на Србија на чело со Леди Пеџет од Англија. Авторот во делото дава опис на Болницата на Шкотските жени каде директор била д-р Агнес Бенет од Австралија. Со осумчлената екипа и комплетна единица со моторни возила за транспорт на болни и ранети раководела д-р Мери Харли и нејзината ќерка Едит.

Мери Харли е жената која остана во Битола за време на бомбардирањето да му помага на население то, но со тоа и самата станала жртва на шрапнел 1917 година. Во оваа болница работела и истакнатата австралиска писателка Мајлс Франклин која оставила значајни записи инспирирани од Битолската операција и битката на Кајмакчалан. Сите свои доживувања ги опишала во делото „ Не пречи ништо".

Овде се дадени значајни опсервации, чудеснат аубавина на Кајмакчалан, спецификите на македонското село, етно-културата, верските обичаи и тешката положба на македонското население.

Градот Битола во текот на Првата светска војна се наоѓал на првата линија на Македонскиот фронт, а само на неколку километри југоисточно од градот, се наоѓал врвот Кајмакчалан. Бугарските сили го зазеле во 1915 година а силите на Антантата го во 1916 година по што го поделиле на неколку сектори: на француски, руски, италијански и српски сектор, под команда на францускиот генерал Морис Сарај. До пробојот на Македонскиот фронт во септември 1918 година, Битола останала на првата линија на фронтот.

Последиците од воените дејствија по должината на фронтот во Македонија биле неиздржливи поради разурнувањата и опустошувањата од секојдневните артилериски и авионски бомбардирања. Животот во темница и влага, по подрумите на куќите, штетно се одразувал врз здравствената состојба на населението кое таму, за да се заштити од бомбите, престојувало долго време.

Тригодишните авионски и артилериски бомбардирања од 1916 до 1918 од Антантата и од Централните сили, оставиле силна трага освен во Битола и во градовите Дојран, Кукуш, Гевгелија и други градови, 1916 до 1918, со што биле доуништени од разурнувањата во претходните Балкански војни.

Битола како важен комуникациски пункт, постојано била изложена на бомбардирање, а многу од околните села исчезнале засекогаш. До есента 1916 година биле бомбардирани од францусската, а потоа од германската артилерија и авијација. [292]Судбината на Битола особено била трагична. Германските и бугарските војски на 19-ти ноември 1916 година биле принудени да го напуштат градот во кој дотогаш биле стационирани и да ги постават своите топови на височините околу Битола. За одмазда кон силите на Антантата, тие го продолжиле секојдневното бомбардирање на Битола.

Според нецелосни податоци од 19 ноември 1916 до 31 декември 1917 година Битола била бомбардирана со 13.415 разурнувачки запалливи и гасоотровни проектили. Биле убиени 508 лица, главно жени, деца и старци, 753 биле ранети, додека 3.198 згради делумно или наполно биле уништени или изгорени.

Битола, која во почетокот на војната имала 28.000 жители, до крајот на војната опустела, а населението останало на неколку илјади[293].

На неколку километри од градот

Како прилог кон ова е белградскиот весник „Радничке новине“ каде е дадена мошне пластична слика за состојбата во Битола, веднаш по завршувањето на војната каде се вели: „Битола е речиси срамнета со земјата од страотното бомбардирање, бидејќи цели две години беше на линијата на самиот фронт.

Градот во тие крвави борби беше безмилосно бомбардиран и од `пријателите` и од непријателите, како кога! Запалливите гранати предизвикувале пожари, а разурнувачките го онемозвожувале гасењето на истите. Бедното и пролетерско население во Битола поднесуваше пеколни маки. Од опасностите од гранатите, многумина ги загубиле животите, од сиромаштијата и гладот и животот во подрумите и разурнатите куќи. Тоа било причина за незапеметената беда на битолското население во кое биле создадени армија просјаци кои на секој чекор молеле за милост. Цутела проституцијата и кражбите кои се разбира не можеле да се спречат.“[294]

Со овој опис за Битола се опишува трагичната судбина на целиот македонски народ во Првата светска војна.

На само неколку километри југоисточно од Битола се наоѓа врвот Кајмакчалан каде исто така се воделе жестоки борби со многу жртви и страотни разорувања.

Битката на Кајмакчалан[295], како дел од воените операции на Македонскиот фронт, спаѓа во редот на големите битки во Првата светска војна. Се водела од 12-30 септември 1916 година, помеѓу српската војска од една страна, и бугарско-австро-унгарската, од друга страна, кога српската прва армија со големи загуби, го зазела врвот Св. Илија на висина 2524 м. потиснувајки ја бугарската војска кон Мариово[296], каде веднаш била поставена нова линија на одбрана. Конкретно српската војска овде поминала полни две години без смена. Никаде во историјата на човештвото, ниту една битка не се водела на толкава надморска висина. Само во оваа битка, освојувајќи го Кајмакчалан загинале повеќе од 6.000 српски војници додека Бугарската армија имала 1.876 војници, 51 офицер, 5.941 ранети војници и 126 офицер[297].

Гранатите кои летале на сите страни имале огромна разорна моќ, поради што многу често потполно ја менувале природната средина. Цели предели останувале без дрвја, земјата потполно била разорена со ископани кратери од силните експлозии. По молкот на артилеријата на јуриш тргнувала пешадијата која обично ја запирал митралескиот оган. За напредување од неколку стотини метри гинеле десетици илјади војници. Така врвот Кајмакчалан, кој некогаш бил висок 2525м. во 1916 година, во текот на жестокиот судир, силниот артилериски оган однел 4 метри од планинскиот врв, па денешната негова висина изнесува 2521 м.

---

[292] Љубен Л.Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје, 1959.

[293] Петар ,С. Делбите на Македонија 1912-1918, Скопје, 1972.,54-56. „Во зимата 1915/16 година, Бугарската воена команда издаде наредба населението од селата Градешница, Старавина, Будимерци, Груниште и Зовиќ да се исели кон северно Мариово и Тиквешко, бидејќи на просторот на споменатите села ќе има војна“. По тригодишното прогонство и Градевци во есента 1918 година почнале да се враќаат на своите родни огништа. Но освен голи ѕидови од своите куќи друго ништо не можеле да најдат.

[294] в. „*Радничке новине*“ бр 152, Белград, 1919.

[295] Кајмакчалан е врв во Македонија на планината Ниџе. Врвот се наоѓа на јужната граница од републиката и изнесува 2.521 метри.

[296] Мариово е планинска област на југот на Македонија, во масивот на Мариовско-Мегленските планини, помеѓу Битолските полиња и Тиквешијата.

[297] Andrej ,M. Serbia’s Great War, 1914-1918, London, Hurst & Company, 2007.

Кајмакчаланската битка во историјата останала забележана по големиот број на загинати и ранети и по надморската височина на која се водела. Првата етапа кон пробивот на Македонскиот фронт се поврзува со битката на Кајмакчалан. По битката во предвечерјето на 30 септември 1916 година Кајмакчалан бил разорен со гранати и прекриен со трупови од обете војски.

Според сеќавањата на Милиќ Милошевиќ, борец на Дринската дивизија, борбата на Кајмакчалан е опишана вака: "Мојата радост ја смени тагата, тага за изгубените другари чии тела ги покрија падините и врвот Кајмакчалан. Само од мојот вод, од 60 луѓе ноќта на 30 септември вечераа само 17 души".[298]

Ѓ. Лазаревиќ, учесник во борбите на Кајмакчалан......„Толкав број на трупови на толку мал простор јас не сум видел. Гледав на Космај собрани наши и австриски трупови заради погребување. Видов на патот Новаци-Битола на мал простор труповите на нашите војници од седми полк 1912 година. Го посматрав кумановското боиште по завршувањето на битката, но, сето не беше ни приближна слика на она што го видов на платото на Кајмакчалан. Просторот целосно беше покриен со трупови."[299]

За ужасите што ги доживувале на Македонскиот фронт, кој траел четири години, најдобро говори кажувањето на Македонецот Васил Танев , кој служел во 11- та македонска дивизија и се борел на Кајмакчалан, Битолско. „Гладот и недостигот од покрив над главата ни беа најголеми непријатели. Војуваш во ров, седиш и стоиш, јадеш и спиеш во ров, полн со кал, вода и снег. Едно време заврши храната. Поручникот Златев, родум од Стара Загора, Бугарија, ни рече: 'Излегувајте од ровот и собирајте лисја, киселец, див лук и корења, инаку сите ќе испоумреме'. Без никаков страв ги напуштивме проклетите дупки и јадевме сѐ што ќе ни излезеше пред очи. Се вративме во рововите и го замоливме поручникот да издаде заповед за атака, не толку за да победиме колку за да им ја одземеме храната на Французите и на Арапите (војници од француските колонии во Африка ). Тој нѐ послуша, но притоа ни рече: 'Може да атакуваат само доброволци'. Се пријавивме 150 души, а бевме вооружени со по една карабина со штик и со по 30-50 бомби. На дадениот знак за напад излеговме од ровот и со извикување 'ура' се фрливме врз ровот во кој се наоѓаа војници-црнци. Тие ни отворија оган од сите страни. Од 150 лица што нападнавме, преживеавме само единаесет души". [300]

Во виорот на Првата светска војна, крајезерскиот легендарен град Дојран и неговата околина, наоѓајќи се во центарот на демаркационата (фронтовата линија), бил целосно разурнат. Борбените позиции на силите на Антантата се наоѓале јужно од Дојранското езеро а Централните, западно и северозападно од Дојран. Некои од германските и бугарските војници биле стационирани во градот и во ридските месности, како и северно и северозападно од нив. До утврдените места бил изграден војнички пат, многу бункери, ровови и други одбрамбени воени објекти и складишта, а пред нив била поставена троредна бодликава мрежа. Бидејќи борбените позиции и утврдувањата на двете завојувани страни биле мошне блиску, на растојание од 300-600 метри на одделни места се водела пешадиска борба од непосредна близина, до таканаречената „борба на нож-гради в гради". Англиските авиони одвреме на време вршеле бомбардирање.[301]

Жителите на Дојран, по сила на состојбите, пред самиот почеток на „Дојранскиот фронт", по наредба на Централните сили, кои биле стационирани во него, поточно бугарската воена команда, ги напуштиле своите домови и заминале во другите македонски градови но и во Србија и Бугарија.

На Илинден, 1916 година, пред самиот почеток на крвавите судири, силното биење на камбаните од црквата „Свети Илија" алармирало за бегање на населението. Иселувањето траело неколку дена. Со воени коњски коли на Централните сили целото население од овој крај било иселено. Според податоците што ги дава Теменугов, во тоа време од Дојран биле иселени 580 семејства од кои 155 останале да живеат надвор од Македонија.[302] Штабот на дивизијата на Централните сили бил сместен во село Фурка, близу Дојран, каде постоел посматрачки пункт и станица за поштенски гулаби. Во Дедели постоела полска болница и пошта, а во с.Калуцково, Валандовско, германска военаболница.[303]

Бугарскиот писател Димо Сјаров, кој како поручник на воена единица со позиција западно од градот, сведочи: ... дека летото 1916 година во испразнетиот град Дојран се „населија привремени жители" – бугарските војници тие ги пребаруваа куќите барајќи во нив скапоцени предмети. Не беше поштедена ниту

[298] Петар, О.Солунски фронт, Београд, 1974.
[299] Исто таму
[300] Виктор, Ц. Македонско-бугарски историски контроверзии (3), *Утрински весник*, 11.10. 2010.
[301] Божан, Д.Дойранската епопея, София, 1993.
[302] Мито, Т.Дојран и Дојранско во минатото и денес", Скопје, 1972.
[303] D-r Franz, D.Macedonien, Jena, 1921.

црквата „Св.Илија“, па наместо да ги чуваат ги земаа најубавите и најскапоцени предмети..[304]. И бугарскиот очевидец, скулпторот Петар Рамаданов, тогашен студент на Уметничката академија и војник во бугарската армија во т.н Тројански полк вели: „...не знам кога градот беше напуштен од неговите жители, но отворените куќи неспуштените ќепенци на дуќаните, не дигнатите трпези и несредените легла, како и разотворените долапи и сандаци, полни со покуќнина, јасно говореа дека преселбата била со голема брзина, со збунетост на граѓаните...во таа слика на насилно прекинат живот, во тресокот на експлозиите и пожарот беше страшно како во ужасен кошмар, земјата татнеше клокотеше и бучеше. Дојран гореше.“

Очевидецот Рамаданов опишувајќи го големиот пожар кон крајот на 1916 година меѓу другото напишал „...имаше бурен ветер и огнената стихија беснееше цели 4 дена..куќите изгореа до темел.Целиот град беше претворен во едно огромно пепелиште, изгоре и покривот на големата соборна црква „Св.Илија“ од која останаа само голи ѕидови... суровата слика се дополнуваше и со искршените стебла и гранки на бадемите, калинките и смоквите надвор од градот, кои пред војна беа вистински рајски градини. На крајот од 1916 година Дојран беше мртов град, а многумина го нарекуваа „ македонски Верден.“[305].

Во првата офанзива на 2 и 3 1916 година во незапирливиот оган на артилеријата на Антантата загинале околу 1.500 бугарски војници, а во втората околу 2300 англиски војници. Во последната, трета офанзива на Антантата на 14 септември 1914 год. имало илјадници жртви од двете завојувани страни, со многу гробови во околината на Дојран. Само на гробиштата јужно од Дојранското езеро почиваат над 12.679 англиски и ирски војници, чии имиња не се познати, од нив 418 биле офицери а 10.282 подофицери и војници од 22. Англиска дивизија.[306]

„Ребека Вест (1892 –1983), англиски патописец, меѓу двете светски војни дошла во Македонија и ги посетила позициите на фронтот. Во еден патепис кажува дека, поради природните услови, кај Дојран не е можно да се пробијат позициите на непријателот доколку војниците што војувале не се познавале меѓу себе. Мора тие што се брането да не употребувале оган за напаѓачите да ја преминат линијата, тврди таа. На Кајмакчалан има така стрмни ридови што не било можно противниците да се искачат на нив ако другата страна не сакала да им го дозволи тоа[307].

**2. ЗАКЛУЧОК**

Со почетокот на Големата војна, од 1914 до 1918 година, започнало најголемото и најтешкото воено време во историјата на човештвото. Главната карактеристика на Големата војна[308] била таа, што за прв пат, за воени цели, била употребена авијација и подморници. Исто така технологијата започнала да дава и ново офанзивно оружје, каков што бил тенкот. Него најмногу го користеле Британија и Франција, додека Германија имала сосем мало количество од сопствено производство, поради што претежно користела заробени сојузнички тенкови.

Германската армија, за прв пат вовела употреба на хемиски средства, користела отровен гас, кој иако никогаш не се покажал како одлучувачки фактор за добивање на битката, набргу започнале да го користат и обете страни. Ефектите на гасот биле брутални, доведувале до спора и болна смрт, затоа од него имале страв и едните и другите, и важел за еден од најголемите ужаси на војната.

Последиците од воените дејствија по должината на фронтот во Македонија биле неиздржливи поради разурнувањата и опустошувањата од секојдневните артилериски и авионски бомбардирања.

Три години рововите на Македонскиот фронт биле единствениот дом на над еден милион војници. И лете и зиме, длабоко вкопани, пукале едни на други. Рововите биле и сцена на која се одвивале и многу војнички и човечки драми.

[304] Б.Делийски, цит.

[305] Верден, град во североисточна Франција кој во Првата светска војна бил униптен од германските артилериски гранати.

[306] Христо,Б. Бащин край, Варна, 1968.,244.

[307] Утрински весник,12.08.2007, Виктор Цветановски, Балканските и Првата светска војна најтрагично минато на македонскиот народ (14).

[308] Се до Втората светска војна, кога конечно го добила името Прва светска војна, Таа била именувана како Големата војна. Но, покрај тоа име, може да се сретне и како Европска војна, Кајзерова војна, Војна на нациите или Војна што ќе стави крај на сите војни. Во Франција и Белгија понекогаш ја именувале како Војна за правда (LaGuerredu Droit) или Војна за опстојување на цивилизацијата, особено на ордените и комеморативните споменици.

Македонскиот фронт до ден денешен има оставено траги во Македонија. Се уште можат да се сретнат бункери и ровови, кои се прилично зачувани.

Самиот труд преставува ретроспектива на настаните од крвавата војна од која, Македонија и нејзиното население, невино настрадале. Во тие четири години целиот регион бил претворен во едно глобално боиште,заедничка гробница на повеќе национална војска, на членови на санитетски мисии кои дошле од целиот свет за да помогнат. Македонските градови и села биле изложени на постојано бомбардирање и од Антанатата и од Централните Сили во зависност од тоа која војска се наоѓала во нив. Има примери дека цели градови и села биле толку разурнати што повеќе не постоеле на географската карта. По завршувањето на војната луѓето останале да живеат во разурнатите домови со уништената покуќнина без храна и средства за живот.

**ЛИТЕРАТУРА**

Апостолов,А (1993).“11-та македонска дивизија и нејзиното учество во Првата светска војна,Златна книга 100 години ВМРО.Гоце Делчев.
Бръзицов,Х.(1968). Бащин край. Държ
Бьлгарската армия во Првата световна война(1925).том 1,1915-1916.AVI.
Doflein,F.(2011). Macedonien, JenaB елики рат Србије 1915 година,кн.10. (1925).
Делийски,Б.(2005). Дойранската епопея. Илинда-Евтимов.
Karaivanov,A. (1988).Otbranata na Doiranskata pozitsiia prez septemvri 1918.
Mitrovic,A (2007). Serbia’s Great War, 1914-1918, London, Hurst & Company.
Македонија во војните 1912-1918(1991),Прилози од научни собир одржан во МАНУ на 16 и 17.11 1988,МАНУ.
Nedev,N.(2009). Doiranskata epopeia 1915-1918.AVI.
Опачић,П.(2015). Солунски фронт. Дечје новине.
Palmer, A.The Gardeners of Salonika:The Macedonian Campagne1915-191(1965).Fabe and Faber
Радничке новине,(1919). 97.
Робинс, К.(2015)Првата светска војна,Нампрес.
Стојанов, П.(1972) Делбите на Македонија1912-1918.ИНИ.
Стојчев,В.(2000) Воена историја на Македонија.СДИРМ.
Стојанов,П.(1969)Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912-1918 година,ИНИ.
Тодоров,П.(2016) Патот кон непознатото, Франкофонски круг.
Теменугов,М.(1972). Дојран и Дојранско во минатото и денес. Собрание на Општина Гевгелија.
Hall,R.(2011).Bulgaria in the First World War.Historian.
Цветановски,В.(2011,10).Македонско-бугарски историски контроверзии, Утрински весник,532,23.